# СУПЕРФЛУИД-21М

*Хиперпластификатор за бетони, со висок степен на редукција на вода и долготраен одржувач на конзистенцијата, изработен на поликарбоксилатна основа*
*Одговара на: EN 934-2 T-11.1 & T-11.2 и ASTM C494 Types D&G*

## Област на примена:

Суперфлуид-21М овозможува голема редукција на вода во однос на бетонски мешавини приготвени без додатоци, како и производство на “течен бетон” без дополнително додавање на вода. Овозможува долгорајно одржување на конзистенцијата на бетонот.

Се применува за:

- приготвување на готови бетонски мешавини (ready-mixed concrete);
- транспортни бетони;
- масивни бетони;
- бетонирање при високи температури;
- бетонски мешавини со многу низок w/c-фактор;
- течни бетони отпорни на сегрегација и “крварење” (bleeding);
- Бетонирање на густо армирани бетонски пресеци;
- Приготвување на самозбивачки бетони (SCC), при што треба да се проектира посебен состав на бетонот, кој се разликува од класичниот по тоа што е неопходно да се додаде ситен

## Својства:

- долготрајно одржување на конзистенцијата на бетонот (до 2 часа);
- значително ја подобрува обработливоста на бетонот, без зголемување на количество на вода и без опасност од сегрегација;
- ја подобрува збиеноста на бетонот;
- го подобрува изгледот на бетонската површина; редукција на вода до 30%;
- високи крајни јакости;
- ја зголемува отпорноста на мраз;
- ја зголемува водонепропусноста;
- ја намалува или елиминира потребата од
- вибрирање;
  го намалува собирањето на бетонот;
- при мали дозирања од 0,25% до 0,6%
- постигнува приближно исти ефекти како и конвенционалните суперпластификатори-успорувачи од претходните генерации (на база на нафталин кондензати, лигносулфонати, меламини) при дозирања од 1,0% до 1,5%;




Бетонските мешавини се работени по ЕН 480-1:2000 , бетон I
со цемент CEM I 42,5 H "ТИТАН"




Бетонските мешавини се работени по ЕН 480-1:2000 , бетон I
со цемент CEM I 42,5 H "ТИТАН"




Бетонските мешавини се работени по ЕН 480-1:2000 , бетон I
со цемент CEM I 42,5 H "ТИТАН"




Бетонските мешавини се работени по ЕН 480-1:2002 , бетон IV
со цемент CEM I 42,5 H "ТИТАН"

АДИТИВИ ЗА БЕТОНИ И МАЛТЕРИ

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | Белузлава течност |
| Сува материја: | 21±2% |
| Запреминска маса (на 20°C): | 1,035±0,02 гр/см$^3$ |
| Содржина на хлориди: | 0% |
| Содржина на алкалии: | < 4,0% |
| pH-фактор (на 20°C): | 7,0±1,0 |

## Дозирање:

Дозирањето на Суперфлуид-21М зависи од намената на бетонот.
Со ниско дозирање од 0,25% до 0,8% тежински во однос од масата на цементот, може да се користат за припремање на класични бетони.
За припремање на самозбивачки бетони (SCC), дозирањето се движи во границите од 1,0% до 1,5% тежински во однос масата на цементот и честичките <0,125мм заедно, зависно од употребениот вид и употребената количина на фините честички.
Дозирањето се врши рачно или автоматски, во текот на припремањето на бетонската мешавина. Максимален ефект се постигнува, кога Суперфлуид-21М, заедно со 20%-30% вода, се додава, после замешување на агрегатот цементот и 70% до 80% од потребната вода за припремање на бетонот. Времетраењето на мешањето на свежата бетонска маса со додаток на Суперфлуид-21М треба да се зголеми најмалку за 50% во однос на времето на мешање на бетонот без адитиви, односно не треба да изнесува помалку од 3 минути.

## Ефект од предозирање:

Предозирањето може да предизвика сегрегација на бетонот како и да го одложи времето на врзување на бетонот.

## Компатибилност:

Суперфлуид-21М е компатибилен со повеќе адитиви од програмата на АДИНГ. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат предходни проби. Различните адитиви се дозираат посебно односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина.
Суперфлуид-21М е употреблив со сите типови на портланд цемент, вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## Пакување:

Во пластични канти од 5, 10, 20 и 50 кг., во метални буриња од 200 кг. и во контејнери од 1.000 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, на температура од 5°C до 45°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

Суперфлуид -21М не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожа, очи или да се проголта. Во случај на прскање на кожа или во очи потребно е испирање со чиста проточна вода. Доколку се проголта потребно е да се побара медицинска помош.
Суперфлуид -21М е незапалива течност.
Чистењето на остатоци од Суперфлуид-21М е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*